Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 март 2022 година

Скопје, март 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 март 2022 година**

Седницата започна во 14:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата д-р Димитар Ковачевски, како и првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците д-р Артан Груби.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и Башким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа и Билјана Цветановска-Гуговска и Јоана Бабушку, претставници од УНДП.

Од седницата отсуствуваа Славјанка Петровска, министер за одбрана, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**1.** Информација за креирање на Националната развојна стратегија 2021- 2041 со Предлог-методолошка рамка

**2.** Кадровски прашања

**3.** Прашања и предлози

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за креирање на Националната развојна стратегија 2021-2041, со Предлог – методолошка рамка и ја усвои со следните заклучоци:

**1.** Националната развојна стратегија наместо за период 2021-2041 да биде за период 2022-2042 година.

**2.** Ја усвои Методолошката рамка на Националната развојна стратегија 2022-2042, предложена во рамки на првата фаза на проектот.

**3.** Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и министерот за финансии, да го координираат процесот за подготовка на Националната развојна стратегија 2022-2042, во соработка со замениците на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во рамки на втората фаза на проектот и на секои шест месеци, а по потреба и почесто, да ја известуваат Владата за напредокот на проектот.

**4.** Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да соработува со проектниот тим на експерти во креирање на финалната оперативна структура.

**5.** Се задолжуваат сите министерства да ги обезбедат потребните информации и да учествуваат и соработуваат во подготвителните активности со проектниот тим на експерти во процесот на креирањето на Националната развојна стратегија 2022 – 2042.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**